Број 9
03.07.2023 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

ЈУЛИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **03.07. 2023** година,
донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 25.СЕДНИЦА
# НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **25. седница**, одржана на **01.07.2023** година и тоа:

1.**Одлука** за одобрување на средства за изградба на детска градинка во Општина Делчево, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија ( „Сл.весник на РСМ“ бр.15/2022 година);
2. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година;
3. **Заклучок** за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево ;
4.**Одлука** за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност нса подрачјето на Општина Делчево од сите рзицици и опасности;
5. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;
6. **Заклучок** за усвојување на Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план за Општина Делчево за 2023 година;
7. **Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2023 година;
8.**Одлук**а за одобрување на спонзорство на Црковен одбор на с. Трабонтивиште;
9.**Одлука** за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 21.06.2023;
10. **Одлука** за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1373/1 од 21.06.2023;
11.**Одлука** за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1378/1 од 23.06.2023;
12.**Одлука** за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево;
13. **Заклучок** во врска со барање од жители на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 15.06.2023 година;
14.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект викенд-куќа зграда бр.2 по барање на Ѓеорги Костадинов;
15. **Одлука** за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

16.**Одлука** за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

17. **Одлука** за давање согласност на СОУ „Методи Митевски Брицо“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-1426 /1
03 .07.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1. Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“), член 15 и 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 и 2/2019), Договорот за соработка број 03-4101/1 и број 08-901/1од 25.05.2022 година склучен помеѓу Министерство за труд и социјална политика застапувано од Министерот Јована Тренчевска и Општина Делчево, застапувана од Градоначалник Горан Трајковски , како и Договорот за групна набавка на градежни работи број 03-4102/1 и број 08-902/1 од 19.05.2022 година склучен помеѓу Министерство за труд и-социјална политика застапуван од Министер Јована Тренчовска и Општина Делчево, застапуван од градоначалник Горан Трајковски, Советот на Општина Делчево на ден 01.07.2023 донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на средства за изградба на детска градинка во Општина Делчево, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија ( „Сл.весник на РСМ“ бр.15/2022 година)**

Член 1

Врз основа на склучениот Договор за групна набавка на градежни материјали бр 03-401/1 и 08-901/1 од 25.05.2022 година Договорниот орган, Министерство за труд и социјална политика, како и Општина Делчево се спроведе постапка за јавна набавка за изградба на детска градинка во Општина Делчево, со Одлука за повќегодишна групна јавна набавка бр.03-3113/1 од 10.04.2023 година започната со оглас бр.06567/2023.

Член 2

Согласно одредбите на член 3 од Договорот на групна набавка, вкупната процнета вредност на групната набавка изнесува 42.872.115,00 денари без пресметан ДДВ, односно 50.589,095,7 денари со пресметан ДДВ.

Согласно одредбите на член 4 од Договорот на групна набавка е уреден начинот на спроведување на постапката за групна набавка, како и начинот на финансирање на набавката, со финансиски средства обезбедени од Буџетот на РСМ и буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Согласно постапката за групна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка бр 02-3113/ 1 од 11.05.2023 на Министерство за труд и социјална политика и бр. 06567/2023 бр. На ЕСЈН во Општина Делчево, која е во фаза на евалуација за избор на најповолен понудувач, како и по спроведената Електронска аукција на која се поканети понудувачите кои имаат доставено прифатливи понуди од ден 09.06.2023 година, од страна на Комисијата за јавни набавки за спроведување на постапката, е констатирано дека најповолната понуда по спроведената електронска аукција е за износ од 51.089.463,59 денари –без пресметан ДДБ повисока од проценетата вредност на набавката 8.217.348,44 денари.

Член 4

Советот на Општина Делчево, врз основа на обезбедени дополнителни докази произлезени од спроведеното истражување на пазар кои ја потврдуваат оправданоста на постигнатата цена по спроведената електронска аукција одобрува дополнителни финансиски средстства во износ од 8.217.348,00 денари без ДДВ односно 9.696.471,00

денари со вклучен ДДВ, со цел да се избере најповолна понуда согласно спроведена постапка за групна набавка, како и, а со цел да се склучи Договор за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево.
Останатите финансиски средства кои ги финансира општината Делчево се уредени со Договор за групна набавка на градежни работи бр 03-4102/1 од 25.05.2022 година.

Член 5

Одлука е основ да се измени одлуката за групна јавна набавка на работи бр. 02-3113/1 од 10.04.2023 година во која треба да се измени вкупната проценета вредност на набавката.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Делчево .

| | |
|---|---|
| **Бр.09- 1408/1** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| **01.07.2023 година** | **на Советот на Општина Делчево** |
| **Делчево** | **Гоце Попов,с.р.** |

2.Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25. редовна седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2023 до 31.03.2023**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2023 до 31.03.2023.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

| | |
|---|---|
| **Број 09- 1409/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **01.07.2023 год.** | **Претседател,** |
| **Д е л ч е в о** | **Гоце Попов,с.р.** |

3.Врз основа на член 25 од Законот за полицијаЗаконот за полиција (Службен весник на Република Македонија" бр.114/06), Законот за дополнување наЗаконот за полиција(,,Службен весник на Република Македонија" бр.6/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија" бр.145/12),Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија" бр.41/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија" бр.33/15)и Одлуката на Уставниот, суд на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија" број 148/08), како и член 36 став 1 т.13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на 01.07.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за јавната безбедност
и безбедноста на сообраќајот на патиштата
на подрачјето на општина Делчево

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица од општа надлежност-Делчево бр.22.28.11.1-1367/1 од 15.06.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на општина Делчево".

3. Заклучокот со Извештајот да се достави до:

- Министерот за внатрешни работи на РСМ;
- Народниот правобранител на РСМ.

Број 09- 1410 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2023 год. | Претседател,
Делчево | Гоце Попов,с.р.

4. Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05 и 36/11), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), како и член 13 и член 14 од од Уредбата за Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл.весник на РМ" 13/2011), Советот на Општина Делчево, на својата 25.седница одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност на
подрачјето на општина Делчево
од сите ризици и опасности

Член 1

Се донесува Одлука за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Ажурирањето се однесува на Проценaта на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности донесена од страна на Советот на Општината со Одлука бр. 09-737/1 од 14.04.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1411/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07. 2023 година — Претседател,
Делчево — Гоце Попов;с.р.

5.

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 25.редовна седница, одржана на ден 01.07. 2023 година, донесе

Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година, бр. 09-27064/1 од 26.12.2022 г се врши следната дополна:

Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 7 ( Донесување – одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ) после подточката 7.24 се додава нова подточка :

- Подточка 7.25 која гласи : Урбанистички проект за инфраструктура за намена Е1.5- Разделна шахта на дел од к,п.7293 ко Делчево- Општина Делчево;
- Подточка 7.26 која гласи : Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.5 Разделна шахта на дел од к,п.175 ко Троботивиште- Општина Делчево, и
- Подточка 7.27 која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за подземен нисконапонски кабелски вод ( 10/20 kv ) приклучок на столб кп бр. 7079 к.о. Бигла до кп. бр. 8805 ко Драмче.

Во Глава В ( Останато ) во точка 9 ( По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат урбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план , надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината), после точката 9 се додаваат 2 нови подточки и тоа :

- подточка 9.1 која гласи : Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници: Североисток од спој на ендек со осовина на улица „Солунска" до спој со ендек на исток, од спој на улица „Солунска" со ендек по осовина на ендек ( кп. 8989/1) кон југ до спој со граница на Генерален

урбанистички план, од спој со граница нна ГУП по западна граница на ГУП до спој со ендек на запад (кп 8663 ),од спој со ендек по течение на ендек кон север до спој со улица „Солунска“.

- подточка 9.2 која гласи : Измена и дополнување на детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од Блок 2.2 Кожара ( кп 6017) град Делчево.

II. Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 г настапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09 – 1412/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2023 год. Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

6.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 371 и 374 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 98/19, 302/20 и 122/21), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## За усвојување на Годишната програма за работата на Општинскиот Совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2023

1.Се усвојува Годишната програма за работата на Општинскиот Совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1413 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

7.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Стратегија за безбедност на патиштата
и акциски план за општина Делчево

1. Се усвојува Стратегијата за безбедност на патиштата и акциски план за општина Делчево;

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1414 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2023 год. | Претседател,
Д е л ч е в о | Гоце Попов,с.р.

**8.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Барање за спонзорство бр. 09-1322/1 од 13.06.2023, Советот на Општина Делчево, на својата 25.седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

О Д Л У К А
За одобрување на спонзорство на
Црковен одбор на с. Трработивиште

Член 1

Се ообрува барањето за спонзорство на Црковен одбор на с. Трработивиште.
Советот на Општина Делчево доделува финансиски средства во износ од 50.000 денари на Црковниот одбор на црква „Успение на Пресвета Богородица" - с. Трработивиште.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за реновирање на црковниот трем (нов кров, комплет малтерисување, инсталација, врати, прозори и др.)
Средствата ќе исплатени од Буџетот на општината за 2023 година на црква „Успение на Пресвета Богородица" - с.Трработивиште, на жиро -сметка 300 210000040135-Комерцијална банка, АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1415 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

01.07.2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

9. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр. 09-1319 од 13.06.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 25.седница, одржана на ден 01.07. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**по барање број 09-1319 од 13.06.2023**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **20.000** денари.

Средствата ќе бидат наменети за болничко лекување на Слаѓана Јованова од с.Разловци-Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име **Слаѓана Јованова** на трансакциска сметка 300007092492790, Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1416/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

01.07.2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-1373/1 од 21.06.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 25.седница, одржана на ден 01.07. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**за лекување по барање број 09-1373/1 21.06.2023**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 20.000 денари.
Средствата ќе бидат наменети за лекување на Панче Цврдачки од с. Разловци Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име Панче Цврдачки на трансакциска сметка 200003940321964, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –1417 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07.2023 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-1378/1 од 23.06.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 25.седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**за лекување по барање број 09-1378/1 од 23.06.2023**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 20.000 денари.

*Средствата ќе бидат наменети за лекување на **Ефрем Трајковски** од Делчево.*

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име **Ефрем Трајковски** на трансакциска сметка 200003877112593, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1418/ 1**
**01.07.2023 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

12. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно барањето на КУД „Гоце Делчев“-Делчево за финансиска поддршка бр.09-1321/1 од 13.06.2023 , Советот на Општина Делчево на својата 25. седница, одржана на ден 01.07. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За финансиска поддршка на**
**на КУД „Гоце Делчев“-Делчево**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 40.000 денари на **на КУД „ Гоце Делчев“- Делчево.**

Средствата се одобруваат за учество на реномираниот Интернационален фестивал на музика и народни игри San Giovani- Campobasso-во Република Италија којшто ќе се оди од 21 до 25 август 2023 година.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка 300210000017243 **Комерцијална банка АД Скопје.**

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и

администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1419 / 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

01.07.2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

13. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021) и член 145 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, а согласно член 9 став 2 алинеја 8 од Статутот на ЈКП „Брегалница"-Делчево бр.0101-121/1 од 19.04.2019 година, Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
Во врска со врска со барање од жители
на Ново Делчево бр.09-1312/1 од 13.06.2023 година

1. Имајќи го предвид Законот за јавни претпријатија и Законот за комуналните дејности, Статутот на ЈКП „Брегалница"-Делчево, како и Програмата за работа на ЈКП „Брегалница" Делчево за 2023 година, бр. бр.0102-408/1 од 27.12.2022 година,Советот на Општина Делчево го задолжува ЈКП „Брегалница"-Делчево:
- да изврши косење на тревата на речното корито на река Габровчица и да изврши отстранување/чистење на наносот од кал, песок, гранки и др.отпад, кој се наоѓа во коритото на р.Габровчица, на потегот од мостот на ул.„М.М.Брицо" (во близина на седиштето на ЈКП „Брегалница" –Делчево па се до уливот на река Габровчица во река Брегалница);

2.Заклучокот да се достави до ЈКП „Брегалница"-Делчево.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09-1420/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07. 2023 Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

14. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 25. редовна седница, одржана на ден 01.07.2023 година донесе

ОДЛУКА
за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат
Објект викенд куќа згр. бр. 2 –по барање на Ѓеорги Костадинов

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**358** од **24.12.2018** година, од страна на **Ѓеорги Костадинов од с.Турија- Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр. 2097 КО Делчево** запишана во имотен лист бр.**12710** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| Број 09-1421/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| 01.07.2023 година | Претседател, |
| Делчево | Гоце Попов,с.р. |

15. Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево

Член 1

Се дава согласност за формирање на **чисти паралелки** од 1 до 9 одделние, **со**

**помалку од 20 ученици** на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2023/24 година, дадени во ***Преглед 1*** и тоа:

- **Во ООУ„Св.Климент Охридски"-Делчево**, **Централно Општинско Училиште (ЦОУ)** се формираат по 3 (три) паралелки во I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделние, односно вкупно **27 (дваесет и седум)** паралелки од I до IX одделение;
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с.Град** се формира по 1 (една) паралелка во III, VI, VII, VIII и IX одделение, или вкупно **5 (пет) паралелки.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Тработивиште** се формира по 1 (една) паралелка во I, II, III,IV, V, VI, VII, VIII и IX, или вкупно 9 **(девет) паралелки** од I до IX одделение;
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,**Подрачно училиште (ПУ) с.Разловци** се формира по 1(една) паралелка во III,IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение или вкупно 7 **(седум) паралелки.**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,**Подрачно училиште (ПУ) с.Стамер** се формира една паралелка во III одделение со 2 ученика.

Член 2

Се дава согласност за формирање на чисти паралелки за ученици со **посебни потреби**, од 7-9 одделение **со помалку од 10 ученици** во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2023/24 година, дадени во ***Преглед 1-А*** и тоа:

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**, Централно Општинско Училиште(ЦОУ) се формираат по 1 (една) паралелка во VIII и IX одделение, односно вкупно 2 **(две)** паралелки од VIII до IX одделение;

Член 3

Се дава согласност за формирање на **комбинирани паралелки**, **од 1-5 одделение** , во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево во учебната 2023/24 година,дадени во ***Преглед 2*** и тоа:

-Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с.Разловци** се формира 1 (една) комбинирана паралелка во I и II одделение, **односно вкупно 1 паралелка со 4 ученици.**

- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с. Стамер** се формира 1 (една) комбинирана паралелка во I и II одделение со 2 ученици и една комбинирана паралелка во IV и V со 5 ученици, **односно вкупно 2 комбинирани паралелки со 7 ученици.**

- Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Град** се формира една комбинирана паралелка во I и II одделение со 4 ученици и 1 (една) комбинирана паралелка во IV и V одделение со 5 ученици, **односно вкупно 2 комбинирани паралелки со 9 ученици.**

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,** Подрачно училиште(ПУ) с.Вирче една комбинирана паралелка во II и IV одделение 2 ученика.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1422/1**
**01.07.2023 год.**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов,с.р.**

16. Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 01. 07.2023 година, донесе

ОДЛУКА

за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

за формирање паралелки со помал

број на ученици

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, во учебната 2023-2024, Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на парелелки со помал број на ученици од законски утврдениот и тоа:

| Основно училиште | Паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | I 1 | 15 |
| | I 2 | 14 |
| | I 3 | 15 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | II 1 | 14 |
| | II 2 | 12 |
| | II 3 | 16 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | III 1 | 13 |

| | | |
|---|---|---|
| | III2 | 11 |
| | III 3 | 22 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IV 1 | 15 |
| | IV 2 | 14 |
| | IV 3 | 14 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | V 1 | 14 |
| | V 2 | 19 |
| | V 3 | 15 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VI 1 | 15 |
| | VI 2 | 15 |
| | VI 3 | 15 |
| | VI 4 | 14 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VII 1 | 13 |
| | VII 2 | 14 |
| | VII 3 | 10 |
| | VII 4 | 9 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VIII 1 | 18 |
| | VIII 2 | 13 |
| | VIII 3 | 19 |
| | VIII 4 | 9 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IX 1 | 14 |
| | IX 2 | 11 |
| | IX 3 | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | IX 4 | 17 |
| ПУ „Ванчо Прке“- Ѕвегор | I | 0 |
| | II | 1 |
| | III | 5 |
| | IV | 2 |
| | V | 1 |
| ПУ Ванчо Прке – Габрово | I | 0 |
| | II | 0 |
| | III | 3 |
| | IV | 0 |
| | V | 5 |

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09- 1423/ 1**
**01.07. 2023 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

17.Врз основа на член 28 став 2 од Законот за средно образование (“Сл.весник на РМ“44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), Советот на Општина Делчево, на својата 25.седница, одржана на ден 01.07.2023 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево**
**за формирање на паралелки**
**со помал број на ученици**

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во СОУ Методи Митевски Брицо Делчево, во учебната 2023-2024, од Советот на Општина Делчево се бара согласност за формирање на парелелки со помал број на ученици од законски утврдениот број согласно член 28 став 2 од Законот за средно образование и тоа:

| Образование/образовен профил | Година | паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско образование** -природно-математичко подрачје комбинација А | I | I-1 | 16 |
| **Гимназиско образование** -природно-математичко подрачје подрачје- Б | I | I-2 | 16 |
| **Гимназиско образование** пштествено хуманистчко подрачје -комбинација А **комбинирана паралелка** | I | I-3 | 15 |
| **Гимназиско образование** општествено хуманистчко подрачје-комбинација А | I | I-4 | 12 |
| **Стручно образование** **-**текстилно-кожарска струка техничар за изработка на облека-(дуална паралелка) | I | I-5 | 11 |
| **Стручно образование** **-хемиско-технолошка** струка-прехранбен техничар (дуална паралелка) | I | I-6 | 16 |
| ВКУПНО | 6 | | 86 |
| **Гимназиско образование** | | | |
| **Гимназиско образование/** Природно-математичко подрачје комбинација А | II | II-1 | 11 |
| **Гимназиско образование/** Природно-математичко подрачје комбинација А | II | II-2 | 19 |
| **Гимназиско образование /** Природно-математичко подрачје комбинација Б/општествено-хуманистчко подрачје комбинација А/комбинирана паралелка | II | II-3 | 26 |
| **Гимназиско** | II | II-4 | 11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образование/Општествено-хуманистичко подрачје комбинција А | | | |
| **Стручно образование**/текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека/хемиско-технолошка струка/прехранбен техничар/**комбинирана паралелка** | II | II-5 | 14 |
| ВКУПНО | 5 | | 81 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | III | III-1 | 18 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А и природно математичко подрачје комбинација Б/ комбинирана паралелка | III | III-2 | 16 |
| **Гимназиско образование** Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-3 | 22 |
| **Гимназиско образование/** Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-4 | 18 |
| **Гимназиско образование/** Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-5 | 15 |
| **Стручно образование/** хемиско технолошка струка-пехранбен техничар/дуална паралелка | III | III-6<br><br>ВКУПНО 6 | 20<br><br>ВКУПНО 109 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | IV | IV-1 | 19 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација Б | IV | IV-2 | 12 |
| **Гимназиско образование** општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-3 | 13 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Гимназиско образование општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-4 | 16 |
| Гимназиско образование општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-5 | 17 |
| Стручно образование Текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека/ хемиско-технолошка струка - прехранбен техничар / комбинирана паралелка<br>СЕ ВКУПНО ЗА УЧИЛИШТЕТО | IV | IV-6<br><br>ВКУПНО 6<br>23 | 14<br><br>ВКУПНО 87<br>363 |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1424 / 1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

01.07.2023 год. — Претседател,

Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.